Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОГЛАСИ

Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници

## ОГЛАС
### за продажба на недвижност по пат на усна јавна аукција

Се продава по пат на усна јавна аукција деловен простор сопственост на Млаз АД Богданци кое се наоѓа во Скопје и тоа:

| Имотен Лист бр. 2266 | | | | К.О. ГАЗИ БАБА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Парцела | Намена на зграда | Зграда | Влез | Кат | Викано место | Површина | Износ |
| 982 | Зграда на останато стопанство | 1 | 1 | 4 ПР | Ј. Лукревски | 75 м2 | 5.867.745,00 денари |

Вредноста на недвижноста изнесува 78.236,50 денари по м2 или вкупно за 75 м2 изнесува 5.867.745,00 денари.
Во цената на недвижноста не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ.
Недвижноста наведен во огласот се продава на принципот видено-купено без никакви дополнителни рекламации.
Јавната аукција ќе се одржи на ден четврток/14.01.2010 година во просториите на Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници, ул. 12-та Ударна Бригада бр.2-А Скопје, со почеток во 11.00 часот. Недвижноста ќе може да се разгледа на ден вторник/12.01.2010 година, од 11.00 до 12.00 часот.
Лицата заинтересирани за купување на недвижноста ќе може да учествуваат на усната јавна аукција доколку уплатат депозит во висина од 10% од утврдената почетна вредност на недвижноста. Депозитот се уплаќа на трезорска сметка број 100000000063095, депозитна (наменска) сметка број 09005156796961 0, со приходна шифра 725939 програм 20.
Купувачот на недвижноста мора да го уплати износот за кој недвижноста му е продадена, во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на депонираниот депозит.

Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници објавува

## ОГЛАС
### за продажба на движни предмети по пат на усна јавна аукција

Се продаваат по пат на усна јавна аукција движните предмети сопственост на Вардар АДГ Пелагонија и тоа:

| Марка | Тип | Регистарск и таблички | Година на производство | Цена/ во денари | Локација | Разгледување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФАП | 1820 | СК-731-ОГ | 2003 | 1.400.000,00 | ул. Првомајска бр. 23 Скопје | 22/01/2010 |

Во цената на предметот не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ. Трошоците за пренос на движните предмети паѓаат на товар на купувачот.
Предметите наведени во огласот се продаваат поединечно на принципот видено-купено, без никакви дополнителни рекламации.
Јавната аукција ќе се одржи на ден понеделник/25.01.2010 година во просториите на Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници, ул. 12-Ударна Бригада бр. 2а Скопје, со почеток во 11.00 часот.
Движните предмети ќе можат да се разгледаат во гаражите на Вардар АДГ Пелагонија, на ул. Првомајска бр. 23 Скопје, на ден петок/22.01.2010 година од 10.00 до 11.00 часот.
Лицата заинтересирани за купување на движните предмети ќе можат да учествуваат на усната јавна аукција доколку уплатат депозит во висина од 10% од утврдената почетна вредност на движниот предмет. Депозитот се уплаќа на трезорска сметка број 100000000063095, депозитна (наменска) сметка број 090051567969610, со приходна шифра 725939 програм 20.
Купувачот на движниот предмет мора да го уплати износот за кој движноста му е продадена, во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит.

Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, врз основа на член 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Р.М.“, бр. 13/2006...133/09) објавува

## ЗАКЛУЧОК
### за продажба на движни ствари по пат на усна јавна аукција, заради присилна наплата на достасани, а ненаплатени даноци

Се продава по пат на усна јавна аукција моторно возило сопственост на даночниот должник ЧЕКРЕ КОМПАНИ КЛИМЕНТ И МИЛЕ ЧЕКРЕЏИ ДОО ОХРИД од Охрид, ул. Славеј планина бб, ЕДБ 4020999122600 и тоа:

| Ред. бр. | Опис на стварите | Количина | Почетна вредност | Вкупна почетна вредност/ во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | моторно возило ШКОДА тип ПИК УП 135 произврдено 1993 година | 1 | 120.000,00 денари | 120.000,00 денари |
| | | | **Вкупно:** | **120.000,00 денари** |

Во цената на предметот не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ. Преносот на предметот на продажбата паѓаат на товар на купувачот.
Јавната усна аукција ќе се одржи на ден 28.01.2010 година (четврток) во 12.00 часот во просториите на Управата за јавни приходи - Даночно одделение Охрид, ул. Димитар Влахов бб.
Моторното возило што е предмет на јавната усна аукција може да се разгледа на ден 27.01.2009 година (среда), од 10.00 до 14.00 часот, во дворот на Даночното одделение Охрид на ул. Димитар Влахов бб.
Право на учество на јавната усна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на движните ствари ќе може да учествуваат на јавната усна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна цена најкасно до денот на одржување на јавната усна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679 - 696 - 10, приходна шифра 725939 програма 20.
Возилото се продава по системот видено купено. Дополнителни рекламации не се примаат.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Купените ствари се преземаат веднаш. Транспортните трошоци паѓаат на товар на купувачот.
Купувачот е должен да го уплати износот веднаш по завршувањето на јавната усна аукција по намалување на депозитот. Во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучување на аукцијата.

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Р.М.“, бр.13/06-133/09), Министерството за финансии, Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
### за слободна (комерцијална) продажба

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник КИРИЛ НЕБРЕЖАНЕЦ од Прилеп, ул. Кеј 9-ти Септември бр. 6/28, ЕМБГ 3101972440010, што ќе се одржи на ден 29.01.2010 година. Ќе се продава следниот имот и тоа:

| Ред. бр. | Опис на стварите | Количина | Почетна вредност | Вкупна почетна вредност/ во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Товарно моторно возило ТАТА Тип ТЕЛЕКОСПОРТ 2. ОТДИ произведено 1998 година | 1 | 120.000,00 денари | 120.000,00 денари |
| | | | **Вкупно:** | **120.000,00 денари** |

Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, ул. Борис Кидрич бр. 24а, најдоцна до 28.01.2010 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, ул. Борис Кидрич бр. 24а соба бр. 14, со почеток во 11.00 часот.

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Од даночниот должник КИРИЛ НЕБРЕЖАНЕЦ од Прилеп ул. Кеј 9ти Септември бр. 6/28, ЕМБГ 3101972440010, во присилна наплата на даночен долг по решение бр. 21-1/5 од 15.05.2009 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишан и запленет е имот како во диспозитивот.
Бидејќи по одржанта јавна аукција на ден 02.10.2009 година остана непродаден горе наведениот имот, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

Врз основа на чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Р.М.“, бр.13/06-159/08), Министерството за финансии, Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, донесува

## З А К Л У Ч О К
### за слободна (комерцијална) продажба

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети:

1. Покер Апарати - комад/парчиња - 12;
2. Цилиндри за рулет - комад/парчиња - 10;
3. Маси за цилиндри за рулет - комад/парчиња - 3;
4. Маси за блек џек - комад/парчиња - 5 ;
5. Електронски сеф - комад/парчиња - 2;
6. Идентификатор за пари - комад/парчиња - 1;

попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник ДУДИН-Т ДОО од Скопје.
Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ” до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, ул. 11 Октомври бр.27, најдоцна до 22.01.2010 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје што се наоѓа на ул. 11 Октомври бр.27, на ден 22.01.2010 година, со почеток во 11.00 часот.

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Од даночниот должник **ДУДИН-Т ДОО** од Скопје во присилна наплата на даночен долг по решение бр.21/68 од 06.03.2008 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.
Бидејќи по одржаните две јавни аукции и тоа на ден 21.01.2009 година и 21.07.2009 година останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно чл. 151 ст.5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

Врз основа на член 155 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Р.М.“, бр.13/2006-159/08), Министерството за финансии, Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, донесува

## ЗАКЛУЧОК ЗА ПРОДАЖБА

Се определува втора усна јавна аукција на недвижност - куќа на КП 3046 на КО Нерези (до манастирот Пантелемон), плац 7, скица 18, место викано „Село“, со површина под објект 232 м2, со земјиште под објект со пов. од 232 м2, и двор со пов. од 497 м2, или со вкупно површина од 729 м2, по П.Л.Бр.1591 која е запишана како сопственост на заложниот должник Демир Арифи.
Јавната аукција ќе се одржи на 22.01.2010 година, во 11.00 часот, во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје ул.11 Октомври бр.27.
Почетната вредност на недвижниот имот изнесува 4.875.000,00 денари.
Во цената на предметот не се вклучени дополнителни давачки И ДДВ.
На втората јавна аукција објектот не може да се продаде по цена пониска од 50% од утврдената почетна цена.
На јавната аукција може да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција, која изнесува 10% од утврдената почетна вредност на недвижноста на депозитна сметка 0900515679 696 10 приходна шифра 725939 20.
Најповолниот понудувач-купувач на објектот е должен да ја положи цената во рок од 8 дена од денот на заклучувањето на јавната аукција во готово или со вирман по намалување на депонираниот депозит кој станува дел од платената цена.
Во случај кога купувачот во определениот рок нема да го уплати износот за кој недвижноста му е продадена, продажбата со решение ќе се огласи за неважечка а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит.
Овој заклучок ќе се објави на огласната табла, а ќе се достави и до заложените доверители и до учесниците во постапката.
**ПОУКА:** Против овој заклучок не е дозволена жалба.